ВАЖНА е РОЗАТА

Тања Битољану Плавшиќ

Длабоко замислена, ми недостигаат пари за да ги сменам прозорците што веќе ни со реза не се затвараат, разбрав: некое Генијално Девојче, со ентузијазам и дрскост, од ист ваков отфрлен прозорец на Ликовната академија направило ремек дело!

И навистина: низ старата рамка со искршено стакло на Академијата, преку распнатото платно од старите завеси на мама, sирка ликот на Пресвета Богородица... А бојата на парите и некои други ликови од банкноти ни го беа премрежиле секојдневието. Можеби, наскоро, и видните sидови по доброопремените домови ќе се украсуваат со купчиња свиткани пари или шарени кредитни картички? Дигитално третиран принт би ги размножил мотивите до апсурд, додека не станеме рамнодушни кон избраната тема.

Концептуално настроената уметничка - Девојчето, несакајќи, или, можеби, многу намерно, им удри шлаканица на сите: на дотичните sидови, на хиперконзумизмот (културен и секаков), на популарната култура... покажувајќи ни како се загубивме во супермаркетите на сопствените животи и срца. Во ваков лавиринт од маспродукција и медиуми тешко ќе се најде место за нејзината Богородичка на некој од нашите sидови или билборди...

Сликата е ракавица в лице и за книгата "The God Delusion", што со месеци не се симнуваше од ранг-листата бестселери, па авторот Richard Dawkins, според магазинот Times, влезе во стоте личности кои минатата година го тресеа светот. Централната идеја на книгата, која религијата ја третира како бескорисен еволутивен несреќен случај, Девојчето ја урива со зборовите на Достоевски: „УБАВИНАТА ЌЕ ГО СПАСИ СВЕТОТ".

Убавината на Богомајката, на Преобразениот живот, на срцето, погледот и насмевката... Убавина неодвоива од светоста, секојдневна, едноставна, која, ако може да му се верува на големиот спелеолог по црнилата на човечките души, ја има многу повеќе отколку што си замислуваме... Додека го пишувам ова, и низ глава ми се мотаат црни и розови мисли, како потврда за нештата, еден гулаб упорно се обидува да влезе низ мојот затворен прозорец...

Секојдневие мачно, време спарно, со повремени стравови, се потопува во мрежа од дамки розовина, врз ветвите завеси на мама. Избледени, одвај забележливи рози околу превезот на Богородица, во нејзината наметка и прегратка... Враќање во сигурноста на детството, или, можеби, навестување за некоја идна среќа? Живот во рози, или подобро во розе... Трошното дрво на рамката-прозорец, како коработ на Ное плови кон далечинска радост...

Во тешки времиња лесно се свртуваме кон таинственото. Ликот на Богородица го откриваме врз пресек на стебла, по кори на дрвја, и - сè почесто - како ненадеен призрак или неочекувана силуета, по фотографии. Тоа е многу полесно отколку, како некогаш, да им измиеш нозе на гостите, боси, калливи, изранети... А некој ми има кажано дека само оној кого го болат раните на туѓите стапала ќе ја дознае смислата на Христовата жртва за луѓето.

убавината ќе го спаси светот

Не се сомневам, воопшто, во сликата што си ја создадов за Авторката, додека се наведнувам пред нејзината Богородичка...

Идеологијата на потрошувачка и потрошливост наметнува свои ракурси, од кои оваа слика-прозорец лесно, како пеперутка може да избега: како вода, како воздух, како мисла, како време, како молитва. Бидува и форма и суштина. Допира, преплавува, продира. Исполнува, до последниот дамар. Во ова срцебиење се сместиле и цветот, и коренот и листот и шумата сосе црцорењето на птици.

Сликата со искршен џам заличува на детска бајка, на тродимензионална стаклена сликовница, со кревка цврстина што од бројните детски допири вообичаено се распаѓа. Што знам... при опшивањето со прекршена срча, мора да се внимава на малите парчиња по кои се препознава скршеното срце. Еден Славеј од бајката на Оскар Вајлд го приковал сопственото срце на трн од бела роза, за да ја обои во црвено со песна и со крв, во долгата зимска ноќ. За на полноќ да му биде влезница за бал на Осамениот Студент, и потоа да ја фрли на земја каприциозната рака на една разгалена дама...

Убавината на отфрленото. Многумина ја барале во потенцирање, секцирање и карикирање на грдото. Но овде се случува сосема спротивното. Четкичката нежно креира убавина, која потоа како со магично стапче ја внесува како грст светлина во сивото секојдневие. Со помош на добри желби и малку златен прав ја донесува Иконата на прозорецот на Девојчето со кибритчиња. Има ли посоодветно место за Богородица? Спојот е вистински, без оглед на тоа што во бајката не се спомнува никакво пенџере... Во мимоход со бундосани шапки што брзаат за на бал, Девојчето пали на улица кибритчиња (што инаку ги продава) за да се загрее... Бајката како и Иконата се обидуваат да внесат малку светлина и топлина за сите деца измрзнати од животот...

Девојчето-Авторката од нашава приказна има посадено своерачно направени гумени оригами рози во забаталениот двор на својата Академија. Го правеше тоа заедно со другарка ѝ, со многу љубов и трпение, со денови... Првин мораше да се расчисти шутот, да се исчисти ѓубрето, за да расцвета поле од рози што не венеат среде јануари, на некогашната депонија...

Благослови ги, Боже, оние кои со боја ги чистат темните петна од мапите на нашите животи.